EUROVIA

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино
Бр.0307/50-1/ 15.02 2023 год.

Друштво за градежништво, трговија
и услуги БАУЕР БГ ДОО
Бр. 03-57/1
15.02 2023 год.
СКОПЈЕ

# А Н Е К С бр. 3

## КОН ДОГОВОР ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБРСКИ

**склучен на ден 15.07.2020 година**

**Склучен на ден 14.02.2023 година помеѓу:**

1. **Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино,** со седиште на ул. 101 бр. 15, во с. Желино, со ЕДБ 4028010513380 и ЕМБС 6630294 претставувано од Управител Елмедин Адеми **(во понатамошен текст како Носител на група - Изведувач)**
2. **Друштво за градежништво, трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО Скопје** со седиште на бул. Илинден 29-3/4 Скопје со ЕДБ 4030005573069 и ЕМБС 6059376, претставувано од Управител Благој Димитров **(во понатамошен текст како член на група - Изведувач)**

**Член 1**

Предмет на овој Анекс бр. 3 е измена и дополнување на член 7 и член 10 од Договор за регулирање на меѓусебни права и обврски склучен на ден 15.07.2020 година помеѓу ДГТУ БАУЕР БГ ДОО Скопје и ДГТУ ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино, заверен со архивски број 03-251/1 од 16.07.2020 година кај БАУЕР БГ и 0307/137-03 од 15.07.2020 година кај ЕУРОВИА.

**Член 2**

Во Членот 4, ставот 1 се менува и сега гласи:

*Член 4*

*Основните обврски во врска со извршувањето на предметниот договор ќе се поделат на следен начин:*

- *64,82% ќе бидат на Носителот на група – изведувач "ЕУРОВИА" и 35,18% ќе бидат на членот на група – изведувач "БАУЕР БГ"*

Останатиот дел од член 4 останува непроменет.

**Член 3**

Членот 7 од Договорот се менува и сега гласи:

*Член 7*

*Носителот на група – изведувач и член на група - изведувач е потребно да достават Банкарска гаранција за квалитет до Инвестирот, Министерство за труд и социјална политика, во вредност од 10% од Вкупната вредност на Договорот без ДДВ (101.766.000,00 МКД) – односно Банкарска гаранција за квалитет во износ од 10.176.600,00 МКД (со рок на важност до 30.09.2023 година)*

*Издавањето на Банкарската гаранција за квалитет во вредност од 10.176.600,00 МКД треба да се изврши на начин што Банкарска гаранција на износ од 6.596.880,00 МКД ќе обезбеди*

*Носителот на група – изведувач ЕУРОВИА, а Банкарска гаранција на износ од 3.579.720,00 МКД ќе обезбеди членот на група – Изведувач БАУЕР БГ.*

**Член 4**

Ставот 1 од Член 10 од Договорот се менува и сега гласи:

*Член 10*

*Договорните страни се согласни рокот за изведба на работите да биде до 30.07.2023 година, а согласно Договор за изменување и дополнување на договор за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во општина Чаир арх.бр.02-2911/8 од 14.07.2020 година и арх.бр.03-170/3 од 24.07.2020, договор за изменување и дополнување на договор арх.02-2256/3 од 25.07.2020 арх.бр.0307/182 од 24.06.2020 и 03-75/11 од 24.06.2020 година, склучен помеѓу МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА како договорен орган од една страна и ДГТУ ЕУРОВИА ДООЕЛ како Носител на група – Изведувач и ДГТУ БАУЕР БГ ДОО Скопје, како член на група Изведувач, заведен под арх.бр. 02-2256/4 од 26.12.2022 година кај МТСП, арх.бр. 0307/390-4 од 26.12.2022 година кај ЕУРОВИА и арх.бр. 03-75/15 од 23.12.2022 година кај БАУЕР БГ.*

Останатиот дел од член 10 останува непроменет.

**Член 5**

Договорот за регулирање на меѓусебни права и обврски од 15.07.2020 година, во останатиот дел останува непроменет.

**Член 6**

Анекс број 3 стапува на сила веднаш по негово потпишување од страна на договорните страни. Измени и дополнувања на овој Анекс број 3, се вршат со склучување на дополнителен Анекс.

**Член 7**

Овој анекс е составен во 2 *(два)* примероци, од кој по 1 *(еден)* примерок за секоја договорна страна.

**ДГТУ ЕУРОВИА ДООЕЛ** **ДГТУ БАУЕР БГ ДОО**

______________________ ______________________